РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

*Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални работи и оттуѓување на градежно земјиште*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 1204-221/2
10.11.2020 год.

Врз основа на член 69 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/08 и 45/11), Министерството за транспорт и врски во соработка со Градоначалникот на Општина Свети Николе организираат втора

## ЈАВНА РАСПРАВА

**по Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за УПВНМ за изградба на електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово, Општина Свети Николе**

Се известуваат сите заинтересирани страни и засегнатата јавност дека Министерството за транспорт и врски подготви УПВНМ за изградба на електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово, Општина Свети Николе и **Нацрт Извештај за стратегиска оцена на животната средина од реализација на Планот.**

Подготвениот **Нацрт Извештај за стратегиска оцена на животната средина за УПВНМ за изградба на електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово, општина Свети Николе** е достапен за јавен увид од **02.10.2020 до 25.11.2020** на веб страната на Општина Свети Николе (www.svetinikole.gov.mk), во просториите на Општина Свети Николе ул. „Плоштад Илинден" бр. 12 (Едношалтерски центар на Општина Свети Николе), секој работен ден од 7.30 до 15.30, како и на веб страната на Министерството за транспорт и врски (www.mtc.gov.mk).

Со цел да се задоволат законските барања, а истовремено да се постигне поголема транспарентност и вклученост на засегнатите органи и јавноста, се организира втора јавна расправа по Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за УПВНМ за изградба на електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово, Општина Свети Николе ***на ден 20.11.2020 година (петок), со почеток од 12.00 часот, во просториите на Општина Свети Николе.***

***Периодот за јавен увид, доставување на забелешки и сугестии по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ќе трае до 25.11.2020 година. Истите во писмена форма (по пошта или e-mail) да се доставаат до назначеното контакт лице од Општина Свети Николе.***

***Контакт лице:***

***Дарко Јованов*** (тел. 032 444 169), email: jovanov.darko@yahoo.com

ул. „Плоштад Илинден" бр. 12, Општина Свети Николе

На јавната расправа ќе се почитуваат здравствените протоколи кои произлегуваат од Планот за намалување на рестриктивните мерки за спречување на ширење на корона вирус https://vlada.mk/protokoli-koronavirus.

Со почит,

Општина Свети Николе
Градоначалник
м-р Сашо Велковски